Вкж1.бр.15/2019

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од Претседателот на судот Јово Вангеловски - Претседател на советот и судиите: д-р Џемали Саити, Шпенд Деваја, Рахилка Стојковска и Африм Фидани - членови на советот, со судски советник Соња Строимановска - како записничар, одлучувајќи по жалбата на обвинетиот Н.Ј. од С., изјавена преку бранителите Орце Трпески и Гордана Гацева, двајцата адвокати од Адвокатско друштво Трпески и Гацева од С., против решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.78/19 од 07.02.2019 година, врз основа на член 166, член 443 став 3 и член 444 став 1 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18), на седницата на советот одржана на ден 04.03.2019 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

## I

Жалбата на обвинетиот Н.Ј. од С., изјавена преку бранителите Орце Трпески и Гордана Гацева, двајцата адвокати од Адвокатско друштво Трпески и Гацева од С., СЕ УВАЖУВА.

Решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.78/19 од 07.02.2019 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА И СЕ ОДЛУЧУВА:

СЕ УКИНУВА мерката куќен притвор против обвинетиот Н.Ј. од С., определен со решение на судија на претходна постапка на Основниот суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.420/18-2 од 10.11.2018 година во траење од 30 дена и тоа сметано од 10.11.2018 година до 10.12.2018 година, како и мерка притвор продолжена со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.325/18 од 07.12.2018 година сметано од 10.12.2018 година до 09.01.2019 година, преиначена со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.852/18 од 28.12.2018 година во мерка куќен притвор сметано од 28.12.2018 година до 27.01.2019 година, продолжен со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.18/19 од 25.01.2019 година, сметано од 27.01.2019 година до 08.02.2019 година, продолжен со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.78/19 од 07.02.2019 година, сметано од 08.02.2019 година од 01,45 часот до 10.03.2019 година до 01,45 часот, во рамките на кривичниот предмет против обвинетиот Н.Ј. од С., за постоење на основано сомнение за сторено кривично дело - “Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од Кривичниот законик, кривично дело - “Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 4 во врска со став 3 и став 1 од Кривичниот законик, кривично дело - “Измама“ од член 247 став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик и кривично дело - “Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273 став 5 од Кривичниот законик.

II

Обвинетиот Н.Ј. од С. по приемот на решението ВЕДНАШ да се пушти да се брани од слобода.

Образложение

Со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.78/19 од 07.02.2019 година, предлогот на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите НСК-КО.бр.8/18 од 06.02.2019 година, за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетиот Н.Ј. од С., е уважен, а мерката куќен притвор против обвинетиот определена со решение на судија на претходна постапка при Основниот суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.420/18-2 од 10.11.2018 година во траење од 30 дена и тоа сметано од 10.11.2018 година од 01,45 часот до 10.12.2018 година до 01,45 часот, како и мерката притвор продолжена со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.325/18 од 07.12.2018 година во траење од 30 дена, сметано од 10.12.2018 година од 01,45 часот до 09.01.2019 година од 01,45 часот, преиначена со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.852/18 од 28.12.2018 година во мерка куќен притвор во траење 30 дена сметано од 28.12.2018 година до 27.01.2019 година, продолжен со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.18/19 од 25.01.2019 година, сметано од 27.01.2019 година од 01,45 часот до 08.02.2019 година до 01,45 часот, продолжен и со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.78/19 од 07.02.2019 година, сметано од 08.02.2019 година од 01,45 часот до 10.03.2019 година до 01,45 часот, е продолжен за уште 30 дена сметано од 08.02.2019 година од 01,45 часот до 10.03.2019 година до 01,45 часот, во рамките на кривичниот предмет против обвинетиот Н.Ј. од С., за постоење на основано сомнение за сторено кривично дело - “Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од Кривичниот законик, кривично дело - “Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 4 во врска со став 3 и став 1 од Кривичниот законик, кривично дело - “Измама“ од член 247 став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик и кривично дело - “Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273 став 5 од Кривичниот законик, а поради понатамошно постоење на причините за мерката куќен притвор, согласно член 165 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за кривичната постапка. Мерката куќен притвор е одлучено дека ќе се извршува во домот на обвинетиот Н.Ј. од С., на ул……….. бр…….., влез …., кат ….., стан бр…..- С.. Со решението е одлучено дека се забранува на обвинетиот да се оддалечува и да го напушта домот на наведената адреса, без дозвола на судот. Надзорот на куќниот притвор е одлучено да го спроведува МВР на РМ СВР С. ПС ОН К.В., при што овластените службени лица од подрачната полициска станица во одредени временски интервали, ненајавено во текот на 24 часа да го проверуваат присуството на обвинетиот во неговиот дом, а за секое непочитување на решението од страна на обвинетиот, надлежната полициска станица е задолжена веднаш да го извести Основниот суд Скопје I Скопје. Обвинетиот е предупреден дека доколку не се придржува кон определените забрани, против истиот ќе се определи мерка притвор, согласно член 163 став 4 од Законот за кривичната постапка.

Во образложението на предлогот на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконско следење на комуникациите Скопје НСК-КО.бр.8/18 од 06.02.2019 година, за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетиот Н.Ј. од С., е наведено дека сеуште постојат причините и околностите кои укажуваат на опаност од бегство, опасност да се крие, или на друг начин обвинетиот да биде недостапен на органите на прогонот, заради избегнување на кривичната одговорност, доколку обвинетиот биде пуштен да се брани од слобода. Обвинетиот е лице кое во моментот поседува поголем број на акции во Б. АД Ш., С. банка АД Б., ЗК П. и Ж.П.. Обвинетиот на свое име има недвижен имот кој лесно може да го претвори во пари и да ја напушти државата, да се крие подолг временски период или воопшто да се не се врати во Р.С.М., имајќи ја предвид тежината и сериозната казна запретена за кривичните дела кои му се ставаат на товар. Обвинетиот може да живее и работи во државите каде обвинетиот Ј.К. преку правното лице О.Х. има основано правни лица и тоа во Р.Ф. во градот Р. на Д., со назив З.О., во Р.Б. во правното лице К., во К., во Р.С. и Р.Х.. Според сознанијата од Управата за финансиско разузнавање, обвинетиот е вистински сопственик на С. ЛТД, за кое правно лице постојат основани сомневања дека е фирма поврзана со купопродажба на недвижен имот на лицето Н.Г., во јавноста познат како предмет П. на В.. Оттука, постојат околности дека во бегството логистичка поддршка ќе му дадат и други лица со кои е поврзан преку оф-шор компаниите, на кои се јавува како краен сопственик. Во понатамошниот тек на постапката, потребно е да се преземат истражни дејствија заради прибавување на материјални и вербални докази. Во тек е распит на сведоци кои имаат сознанија во поглед на дејствијата што ги превземал обвинетиот Н.Ј., но имајќи ја предвид обемноста на постапката, сеуште не се распрашани дел од сведоците. Во понатамошниот тек на постапката, треба да се сослушат најмалку уште десетина сведоци, веќе се издадени наредби за вештачење поради основан страв дека обвинетиот ќе влијае на вештачењето. Обвинетиот на самиот почеток од истражната постапка, веќе сокрил и уништил траги на кривични дела. По добиени информации од лицето С.М., дека за Ј.К. и Н.Ј. се донесени наредби за претрес, обвинетиот во период 03:25:01 до 04:35:53 часот на ден 09.11.2018 година, се упатил кон објектот О.Х., по што се вратил дома да ги чека службените лица заради вршење на претрес. Се наведува дека неговото движење било регистрирано по базните станици од телефонот кој го користел и по враќањето дома, ги сокрил предметите кои му биле во домашниот сеф и го сокрил мобилниот телефон, така што оправдано постои основано стравување доколку биде пуштен да се брани од слобода ќе се даде во бегство, имајќи ја предвид тежината на кривичните дела кои му се ставаат на товар, запретената казна за истите и да ја попречува постапката, поради што Обвинителството смета дека се исполнети условите од член 165 став 1 точка 1 и 2 од Законот за кривичната постапка, за продолжување на мерката притвор спрема обвинетиот Н.Ј. од С..

Незадоволен од решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.78/19 од 07.02.2019 година, останал обвинетиот Н.Ј. од С., кој во законски предвидениот рок преку неговите бранители, до Врховниот суд на Република Северна Македонија поднесоа жалба, поради сторени суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка и поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, на околност дека во конкретниот случај Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје не е овластен тужител, поради што Апелациониот суд Скопје ги повредил одредбите од член 17 став 1 од Законот за кривичната постапка и начелото на акузаторност и официјалност. Во жалбата се повикуваат на Начелно правно мислење на Општата седница на

Врховниот суд на Република Македонија донесено на ден 30.01.2019 година. Во конкретниот случај не постојат услови за продолжување на мерката куќен притвор согласно член 165 став 1 точка 1 и 2 од Законот за кривичната постапка, од причина што истиот има оформено семејство, е родител, на обвинетиот му е одземена патната исправа со број ………. со важност до ……….. година, поради што е оневозможена опасноста од бегство. Во конкретниот случај станува збор за кривични дела од економска природа, а во оваа фаза на постапката сите обвинети имаат дадено исказ. Материјалните докази се веќе обезбедени, документацијата е одземена така што обвинетиот материјалните докази не може да ги сокрие, фалсификува или уништи, ниту пак може да влијае врз сведоците, вештаците и соучесниците, со оглед дека подолг временски период се наоѓаше во притвор, а моментално се наоѓа во куќен притвор. Обвинетиот е неосудуван, против него не се водат постапки за други кривични дела. Обвинетиот е истакнат и угледен граѓани во Р.С.М., ужива углед на успешен човек кој не се занимава со криминални дејствија. При постапувањето треба да се има предвид судската пракса на Европскиот суд за човекови права во Стразбург, поради што во случајот сторени се повреди на одредбите од член 5 и член 6 од Европската конвенција на заштита на човековите права и основните слободи. Обвинетиот со своето однесување во досегашната постапка, во ниеден момент не покажал намера, ниту пак превземал некое дејствие кое би упатувало на опасност од бегство. Во жалбата се предлага истата да се уважи, обжаленото решение да се преиначи и мерката притвор да се укине.

Овој Суд постапувајќи согласно член 421 став 2 во врска со член 444 став 1 од Законот за кривичната постапка, жалбата на обвинетиот и другите списи по предметот ги достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, кое пак со писмо под КОЖ бр. 21/19 од 20.02.2019 година, истите ги доставил до Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје.

Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје до овој Суд достави писмен предлог НСК-КОЖ бр.13/19 од 21.02.2019 година, кој предлог овој Суд не го имаше предвид при одлучувањето, бидејќи Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје, нема својство на овластен тужител во оваа постапка.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, по извршениот увид во списите приложени кон предметот, наводите во жалбата, најде:

Жалбата е основана.

Врховниот суд на Република Северна Македонија ги ценеше наводите истакнати во жалбата и најде дека во конкретниот случај исполнети се законските услови за укинување на мерката куќен притвор против обвинетиот Н.Ј. од С..

Согласно член 166 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18), притвор во претходна постапка определува судот по писмен и образложен предлог на овластен тужител и само врз основите што ги навел овластениот тужител во предлогот.

Според член 22 од Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје („Службен весник на РМ“ бр.159/2015 од 15.09.2005 година), Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје, може да покрене обвинение или да нареди запирање на истражна постапка во период не подолг од 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите во негова надлежност.

Цитираната законска одредба е јасна и недвосмислена и предвидува специфичен рок за покренување обвинение, чиј почеток се врзува со моментот на преземање на предметите и материјалите во надлежност на Јавното обвнителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Наведеното јасно произлегува од недвосмисленото граматичко толкување, како и од аспект на телеолошкото толкување на смислата и целите на самиот закон, како lex specialis, со кое Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите е формирано како времена ад hoc институција со строго ограничени временски рокови, а зад кои стои идејата со законско определен рок да се воспостави правна сигурност кај сите засегнати.

Во оваа смисла, Врховниот суд на Република Северна Македонија смета дека одредбата по однос на временскиот лимит за преземање на истражни дејствија и покренување обвинение од член 22 од Законот за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, треба да се толкува во корист на обвинетиот што недвосмислено произлегува од неспорното Правно начело in dubio pro reo, цврсто востановено во казненото право и Меѓународното право за човековите права, што не навлегува во повреда на принципот на владеење на правото.

Одредбата е јасна и по однос на спроведување на истражните дејствија. Имено, доколку не покрене обвинение во опредлениот рок, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите, треба да нареди запирање на истражната постапка, не само од причини што би било нецелисходно за водење на истрага за предмет во кој органот што ја води истрагата го пропуштил рокот за покренување обвинение, следствено на што не може да покрене обвинение, туку и за тоа што се работи за императивен законски рок, кој не може да се продолжува по било кој основ. Во дадениот рок од 18 месеци согласно член 22 од Законот за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела има само две алтернативи може да покрене обвинение, или да нареди запирање на истражната постапка.

Ваквиот став и толкување на одредбата наоѓаат оправдување пред се во потребата за правна сигурност како еден од темелите на правниот поредок но и почитување на принципот на владеење на правото, кој подразбира почитување на законите и тоа примарно од органите кои се задолжени за нивно спроведување.

Овој суд оценува дека Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите може да покрене обвинение, или да нареди запирање на истражната постапка до 30.06.2017 година, што значи не подолг од 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите во негова надлежност.

Овој суд при постапувањето го имаше во предвид утврденото Начелно правно мислење на Врховниот суд на Република Македонија донесено на 30.01.2019 година, кое гласи: „Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите може да покрене обвинение или да нареди запирање на истражната постапка во период не подолг од 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите од негова надлежност, како комулативен услов, кој не може да биде пречекорен сметано од денот на прием на материјалите од неовластно следење на комуникации од член 2 од Законот за јавното обвинтелство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите и по истекот на тој рок од 18 месеци не е овластен тужител за преземање на јавнообвинтелски работи на предистражни и истражни постапки предвидени со Законот за кривичната постапка“.

Во конкретниот случај, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, поднело предлог за определување на мерка притвор против обвинетиот Н.Ј. од С., во ноември 2018 година, што е по истекот на 18 месеци, од денот на преземањето на предметите и материјалите од негова надлежност.

Оттука, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, не било овластено и не можело да поднесува предлози за определување на мерка притвор против обвинетиот, како и предлог за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетиот, бидејќи нема таква стварна надлежност по истекот на 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите од негова надлежност.

Врз основа на погоре наведеното, следуваше да се одлучи како во изреката на ова решението, врз основа на член 166, член 443 став 3 и член 444 став 1 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18) .

Решено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 04.03.2019 година под Вкж1.бр.15/2019.

Судски советник-записничар — Претседател на Судот -советот

Соња Строимановска с.р. — Јово Вангеловски с.р.

За точноста на отправокот - т в р д и:секретар,

лд./